20252024044

## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21, 74/24 и 16/25) и член 10 став 5 и член 12 став 3 од Законот за решавање банки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 209/23 и 188/25), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

# ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА МИНИМАЛНАТА СТАПКА НА СОПСТВЕНИ СРЕДСТВА И ДОЗВОЛЕНИ ОБВРСКИ

1. Во Одлуката за начинот на утврдување на минималната стапка на сопствени средства и дозволени обврски („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 71/25), по точката 54, се додава нова точка 54-а, којашто гласи:

„54-а. Банката е должна да ги достави првите податоци и информации од точката 42 став 1 на оваа одлука со состојба на 30 јуни 2026 година, најдоцна до 30 септември 2026 година.“

2. Во точката 55 во ставот 1, зборовите: „од 13 октомври 2025 година“ се заменуваат со зборовите: „од 30 јуни 2026 година“.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-31278/9
25 септември 2025 година
Скопје

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Северна Македонија,
д-р **Трајко Славески,** с.р.